# З А П И С Н И К

Од триесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 30.07.2024 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 10** советници.

**Отсатни: Абеб Нухии, Адем Јашари, Лирије Меди, Агнеса Зенуни, Емин Мехдии**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

Претседателот на Советот кажа, пред вас го имате дневниот ред каде ги имате денешните точки, пред да почнеме сакам да ја известам јавноста дека има барање од село Челопек, се работи за патот кај гробиштата, почнато е со раширување на бекатонките, сега во договор со Градоначалникот поради доѓање на странците, да бидат прекинати работите за да им се овозможи полесно да поминуваат без пречки. Старите бекатонки се тргнати бидејќи беа во лоша состојба.

Друго, дека имаме уште две дополнителни точки. Едната е од ОЈП поради пречките што се појавија со пумпите во селата Стенче и Теново. Кај едната целосно е прегорена пумпата а кај другата се работи само за електричната инсталација, поточно за некој кабел. Затоа предлагаме како дополнителна десетта точка да биде за ОЈП-Вардар.

И другата дополнителна точка, како што знаете нашиот колега Хаќим Рамадани е сега во Скопје и е именувам како директор на Инспекторатот за локална самоуправа, неговото работно место е празно и ни треба друго лице што ќе ги работи јавните набавки. Во консултација со правната служба на општина Брвеница сега ќе имаме меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Брвеница. Ќе се ангажира една личност од таа општина, како посебни услови за оваа работа ни е потребно лице со лиценца, а такво лице има во Општина Јегуновце.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред и плус двете дополнителни точки го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од триесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница.
**2**.Предлог-Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година.
**3.**Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/24 година.
**4.**Предлог-Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница.
**5.**Предлог-Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„, Брвеница.
**6.**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Предлог-Одлуката за зголемување на бројот на деца по групи за учебната 2024-2025 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„, Брвеница.
**7.**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„, Брвеница.

**8.**Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година.
**9.**Предлог-Одлука со која се усвојува Првиот Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на записникот од триесет и петта седница на Советот на општина Брвеница..„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„** Усвојување на записникот од триесет и петта седница на Советот на општина Брвеница..„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 10 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година„ , Претседателот на Советот збор му даде на Соодветниот од општината.

Збор зеде соодветната од општината и кажа, ние правиме измена на Годишниот план за вработување во општина Брвеница. Промената е во третата точка, наместо помлад соработник за јавни набавки, сега ќе имаме помлад соработник кај даноци. Другиот дел кај балансерот останува ист. Ова беше промената,
ако нешто имате прашања повелете.

Председателот на советот кажа, дали оваа промена може да ги покрие јавните набавки, зарем не е поважно да има вработување кај јавните набавки отколку кај даноците, значи повторно ќе имаме потреба затоа ние ќе правиме меѓуопштинска соработка со општина Јегуновце. Во последниве 4 години повторно ќе ни недостасува вработен во јавните набавки.

Соодветната од општината кажа, имавме согласност од министерството за помлад соработник кај јавните набавки, сега промената ќе биде помлад соработник кај даноците. Во 2025 година ќе имаме нов план за вработување за администрацијата. Општината и во двата сектори има потреба од персонал.

Председателот на советот кажа, дали навистина недостасува персонал кај даноците и во јавните набавки има недостаток, ние вработуваме тамо кај што нема потреба, а тамо кај што навистина ни треба ние склучуваме меѓуопштинска соработка, малку ми е нелогично. Ние како совет ќе ве подржиме затоа што верувам дека вие подобро знаете, ако мислите дека оваа промена ќе ви служи. Наредниот план за вработување да биде се опфатено и да се земе се во предвид затоа што во наредниве 4 години ќе ни недостасува работник.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„** Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година.. .„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 10 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, **„**Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/24 година„ , Претседателот на Советот збор му даде на претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, што се однесува за Годишниот извештај за се она што се има сработено во 2023-2024 година, саниран е кровот кај што имаше потреба, занималните се опремени со нови едукативни материјали и нови телевизори. Понатака претставникот од градинката продолжи да образлага по однос Годишниот извештај.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/24 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 10 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница, Претседателот на Советот збор му даде на Претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, во оваа програма за 2024-2025 година имаме во предвид да се донесе нов инвентар за новата занимална што ќе ја отвориме за да може да се примат повеќе деца, инвентарор во дворот да се збогати со повеќе куќички и се што е потребно за децата. Исто така оваа програма ни го офаќа цел воспитно-образовен процес на воспитувачките, на негователките и на останатиот кадар во градинката. Исто така тука спаѓаат манифестации кои треба да се одржат, приредби и слично, но повеќе ја опфаќа работата на персоналниот кадар.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 10 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ , Претседателот на Советот збор му даде на Претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, еден член од Управниот одбор даде отказ, тоа беше Лидија Коруноска, сега на нејзино место мора да дојде друг член кој исто ќе биде од редот на родителите, во случајов од редот на родителите беше предложена Билјана Стојкоска. Овој предлог помина на Управен одбор.

Претседателот на Советот кажа, врз основа на законот ние прво треба да примиме укинување на мандатот на таа личност па потоа да примиме некој друг.

Председателот на советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката „Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 10 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот „ Предлог-Одлука со која се дава согласност на Предлог-Одлуката за зголемување на бројот на деца по групи за учебната 2024-2025 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„.

Претседателот на Советот збор му даде на претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, планираме да се отвори нова група. До сега од МТСП имаме дозвола за 60 деца, затоа на управен изгласавме уште 15 деца бидејќи имаме празна занимална, да го искоритиме тој простор за да примиме уште деца затоа што има премногу што чекаа ред да се запишат.На управен е изгласано така да сега во сепрември планираме да почне со работа и новата група со плус 15 деца. Што се однесува до финансиската подршка ќе имаме од страна на општината.

Председателот на советот кажа, сакам да прашам дали во Буџетот имате предвидено средства, дали средствата ќе се пуштат од владата или дали ние можеме да го покриме ова. Јас мислам ова да го оставиме за наредна седница, или да го гласаме сега па кога ќе добиете согласност од министерство за финансии .

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, мислам дека еднаш донесовме одлука за зголемување на бројот на деца во градинката до 85, но пред тоа да се добие согласност за вработување од министерство.

Председателот на советот отвори расправа и кажа, да тоа беше предвидено со блок дотации, со зголемување на блок дотации автоматски се зголемува и бројот на деца. Требаше прво да биде точката за систематизација и за измена на правилникот за нови вработувања па потоа оваа точка за зголемување на бројот на деца. Бидејќи не е логично ако го зголемиме бројот на деца а не ќе можеме да добиеме од министерство за финасии за новите вработени . Дали со овој кадар што сега го имате може да го покриеме зголемувањево на деца.

Претставникот од градинката кажа, тоа не ќе може, ќе мора да имаме нови вработувања па потоа бројот на деца да се зголеми за да може да се функционира.

Председателот на советот кажа, ние сме за ако министерството даде согласност за зголемување на персоналот.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, јас мислам дека овој предлог треба да го прифатиме меѓутоа целата работа е од кога ќе се ослободат средства дали од општината или од министерството но согласност мора да се добие. Ако се добие согласноста да може слободно да се формира паралелката. Условите беа исполнети , има снабдено се што е потребно за уште едната занимална и јас мислам дека треба да се прифати оваа точка. Бидејќки има околу 70 дечиња што се на листата на чекање.

За збор се јави и соодветниот во финансии од општината и кажа, дали ако се добие согласност паралелно ќе се зголемат и блок дотациите за тоа.

Председателот на советот кажа, ние вашиот предлог сите ќе го прифатиме со тоа како забелешка дека буџетот може да ги покрие и тогаш ќе има зголемување и на бројот за деца.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Предлог-Одлуката за зголемување на бројот на деца по групи за учебната 2024-2025 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ , ја стави на гласање и истата со забелешки беше едногласно прифатена од страна на присутните 10 советници.

## VII

По однос на седмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ .

Председателот на Советот му даде збор на претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, за да ја отвориме новата занимална нас ни се потребни 2 негователки и 1 воспитувачка и психолог. До МИОА имаме пуштено барање за овие вработувања, потребни ни се овие вработувања затоа што имаме едно лице кое што е и психолог, педагог и ги работи административните работи. Од сите овие обврски ова лице нема време да поработи со децата. Ако добиеме согласност за овие вработувања би требало и средства да и пуштат, еден месец чекаме одговор. Сакаме да направиме измена на систематизацијата на местото дефектолог да биде за психолог.

Председателот на советот кажа, колку албански деца има во градинката колку македонски.

На тоа претставникот од градинката кажа, моментално со оваа бројка на деца 2 има албанчиња а другите се македонци.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 10 присутни советници, еден беше Против и еден Воздржан, 8 За.

## VIII

По однос на осмата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година. Председателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.

Председателот на комисијата за финансии кажа, оваа точка помина на комисијата и го замолувам соодветниот од општината да ни ја образложи точката.

Збор зеде соодветниот од општината и ја образлагаше точката.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 10 советници.

## IX

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се усвојува Првиот Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година„

Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.

Претседателот на комисијата за финансии кажа, оваа точка помина на комисијата и го замолувам соодветниот од општината да ни ја образложи точката.

Збор зеде соодветниот од општината и ја образлагаше точката.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се усвојува Првиот Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2024 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на приступните 10 советници.

## X

По однос на десеттата и дополнителна точка на дневниот ред „Предлог-Одлука за постапка за јавна набавка со преговарање без објавување оглас за отклонување на водоснабдителен проблем во с. Стенче и с.Теново„ , Председателот на Советот кажа, ние и порано сме имале донесено ваква одлука за проблемот во село Милетино, проблемот е од јавен интерес, не се очекува јавно надавање бидејќи нема време, станува збор за елементарни работи. Како и секогаш така и сега ке излеземе во пресрет на граѓаните. Треба брзо да се реагира бидејќи дефектот веќе се случил во овие села.

Председателот на советот отвори расправа.

За збор се јави Синиша Јовановски и кажа, дали оваа сума што ја имаме во материјалот како профактура ја подмирува општината

Председателот на Советот се надоврза и кажа, така е, општина плаќа бидејќи нема време за јавна набавка и јавно наддавање.

Збор зеде и соодветниот од општината за финансии и кажа, мој предлог е нормално и вие ќе донесете одлука да им се префрлат 430 иљјади за моторот, пумпата да ја плаќаат ОЈП иако сега е платена со пари од општината, да дојде сумата да ја плаќаме по пола и ние како општина и тие како Јавно претпријатие.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за постапка за јавна набавка со преговарање без објавување оглас за отклонување на водоснабдителен проблем во с. Стенче и с.Теново„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните 10 советници.

## XI

По однос на единаесеттата и дополнителна точка „Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јегуновце„ , Председстелот на Советот кажа, како што и предходно кажав нашиот колега од јавните набавки беше именуван за директор, и сега тука е потребно лице со лиценца за овие видови на работа. Лиценцата игра главна улога во ваков тип на работа, и од општината ни беше предложено да направиме меѓуопштинска соработка со Општина Јегуновце. Лицето што е тамо вработано има лиценца што всушност нас тоа ни е потребно, да доаѓа да ги врши постапките кога ќе има потреба. Во разговор со Градоначалникот бевме усогласени за оваа работа и нема да има финансиски импликации кон општината.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Брвеница и Општина Јегуновце**„** , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши триесет и шестата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-927/2**
**30.07.2024 год.**
**Брвеница**